# *ДОЧЕК НА НОВАТА 2024 ГОДИНА*

# *БУДВА - ДУБРОВНИК - ТИВАТ - КОТОР*

## *-НОВОГОДИШНИ КОНЦЕРТИ-*

**1 ден: 29.12.2023 год.** Поаѓање за Будва од **Скопје** на паркингот кај хотелот Вип во 23.00 часот со туристички автобус. **(**Поаѓања вклучени во цената од **Прилеп** 20.00 часот; **Кавадарци** во 21.15 часот; **Кочани** 19.30 часот; **Струмица** 19.30 часот; **Радовиш** 20.15 часот; **Штип** 21.00 часот; **Велес** 22.00 часот и **Куманово** 21.30ч**)**. Патот води преку Косово и Албанија. Ноќно возење со попатни одмори.

**2 ден: 30.12.2023 год.** Пристигнување во **Будва** во предпладневните часови, (пауза за фотографирање и уживање во прекрасната панорама на **Св. Стефан**-едно од најмонденските остров-летувалишта на Јадранското море). Сместување во хотел / приватно сместување. Слободно попладне за прошетка по кејот на познатата Словенска плажа, со посета на стариот град, цитаделата, бројните кафулиња, ресторани, бутици и галерии. Уживање покрај море во предновогодишна атмосфера. Вечерта организирана **предновогодишна забава** пред платото на Стариот град во Будва. **Ноќевање.**

**3 ден: 31.12.2023 год. Појадок**. По појадокот заминување на факултативен излет до Бокакоторскиот залив, со посета на историскиот и средновековен **Котор** и живописниот и раскошен **Тиват**. Прошетка во стариот дел на Котор опколен со ѕидини, испреплетени мали улици каде што се наоѓаат катедралата Св. Трифун и препознатливите цркви Св. Лука, Св Ана, црквата на Пресвета Богородица, средновековна архитектура, бројни споменици и палати кои го вклучуваат градот во УНЕСКО. Слободно време за индивидуални прошетки или можност да вкусите од познатите његушка пршута, сирење и домашно вино. Патувањето продолжува за **Тиват,** кој во последните години стана омилена дестинација на туристите ширум светот. Причината за тоа лежи во шармот на овој град но и во неговиот луксузен комплекс **Порто Монтенегро**, често споредуван со Монако, дизајниран да ги задоволи потребите на сопствениците на јахтите, членовите на екипажот и туристите. Уживајте со кафе во еден од прекрасните локали покрај брегот и погледот на луксузните јахти. Попладне враќање во Будва. Слободно време. Вечерта **дочек на Новата 2024 година** пред платото на Стариот град во Будва со **новогодишен концерт или дочек во некои од многубројните ресторани и ноќни клубови. Ноќевање.**

**4 ден: 01.01.2024 год. Појадок**. По појадокот заминување на целодневен факултативен излет до **Дубровник** преку Тиват со траект. Прошетка низ стариот дел на градот Дубровник: Страдун, Кнежев двор, Дубровачките градски зидини, статуата на Св.Влах-заштитникот на градот, Катедралата Вознесение на Дева Марија...Попладне враќање во Будва. Патувањето продолжува за Македонија со попатни одмори. Пристигнување наредниот ден во раните утрински часови.

## *ЦЕНА: 89 евра (5.500 денари) за приватно сместување*
## *115 евра (7.100 денари) за сместување во хотел 3**

**Во цената се пресметани следните услуги:**

- ✓ Превоз со туристички автобус на дадената релација;
  **( Поаѓања вклучени во цената од Прилеп, Кавадарци, Кочани, Струмица, Радовиш, Штип, Велес, Куманово )**
- ✓ Сместување во хотел 3* во Будва на база две ноќевања со појадок;
- ✓ Сместување во приватни вили во Будва на база две ноќевања;
- ✓ **Туристичката такса е вклучена во цената и кај приватното и кај хотелското сместување**;
- ✓ Посета на Св.Стефан;
- ✓ Организација и пратител на патувањето

**Во цената не се пресметани следните услуги:**

- Факултативен излет до Дубровник ( 15 евра );
- Факултативен излет до Котор, Тиват-Порто Монтенегро ( 10 евра );
- **Пакет цена за излети до Дубровник и Котор-Тиват-Порто Монтенегро (20 евра );**
- Влезници за посети;
- патничко осигурување

НАПОМЕНА: За реализација на аранжманот потребни се минимум 40 патници. За секое лице потребен е поединечен биометриски пасош; Цените се дадени во евра а плаќањето е во денарска противвредност на еврото по курс 61.8 денари. За овој аранжман важат општите услови за патување на Т.А.ТЕРРА ТРАВЕЛ СКАЈ.